РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DH AUDIOVIZUELE
УП1 Број / Numer 03-216
22.07.2025 година / viti

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), а во врска со член 92 ставови 1 и 3 од истиот Закон, точка 6 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2463/1 од 12.06.2025 година и Заклучокот арх.бр.02-3005/7 од 21.07.2025 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 5-та седница одржана на 21.07.2025 година, го донесе следното

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво (ТРД) ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово, заради извршена повреда на член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), на начин што радиодифузерот во рамките на својот телевизиски програмски сервис, на 3-ти јуни 2025 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, го емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2463/1 од 12.06.2025 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово, во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата).

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата врз основа на член 28 од ЗАВМУ е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата против издавач на медиум (радиодифузер) презема мерка - јавна опомена во случаите кога е извршена повреда или прекршување на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот Закон, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Согласно член 92 ставови 1 и 3 од ЗАВМУ, трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од обврските утврдени во ставот (1) на овој член да ги остварат во периодот од 7,00 до 19,00 часот.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 12-ти јуни 2025 г., изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово емитуван на 3-ти јуни 2025 г., на локално ниво, при што констатираше дека радиодифузерот не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно

создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, го емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот.

Имено, со надзорот е констатирано дека на 3-ти јуни 2025 г., телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово, емитуваше 4 часа 36 минути и 58 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, што е 20.67% од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (22 часа 19 минути и 48 секунди). Законскиот минимум од 30% за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден, во однос на вкупно емитуваната програма на 3-ти јуни што влегува во пресметка за изворно создадена програма (22:19:48) е 6 часа 41 минута и 56 секунди. ТРД ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово емитуваше за 2 часа 4 минути и 58 секунди помалку програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

Половина од законскиот минимум (од 06:41:56) е 3 часа 20 минути и 58 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, колку што најмалку требало да биде емитувана на програмата на ТРД ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ ДООЕЛ Куманово, во периодот од 7,00 до 19,00 часот. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, емитувани се 48 минути и 57 секунди изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, што во оваа ситуација е за 2 часа 32 минути и 1 секунда помалку од потребниот минимум.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2463/1 од 12.06.2025 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ТРД ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово, на 13.06.2025 г., испрати Допис арх.бр.10-2463/2 од 13.06.2025 г., со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2463/1 од 12.06.2025 г., со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Дописот беше уредно примен од страна на радиодифузерот на 16.06.2025 година. Во предвидениот рок, ТРД ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово, не се изјасни за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 21.07.2025 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на ТРД ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 92 ставови 1 и 3 од истиот Закон, точка 6 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2463/1 од 12.06.2025 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на 5-та седница одржана на 21.07.2025 г., согласно Заклучокот арх.бр.02-3005/7 од 21.07.2025 г., донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово и му се наложува, во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2463/1 од 12.06.2025 г.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**м-р Сашо СТЕФАНОВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- ТРД ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово;
-Управителот на ТРД ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово;
-Одговорното лице на програмата во ТРД ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово;
-Секторот за правни работи и јавни набавки;
-Секторот за програмски работи и
-Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено. Pranuar: | | 12.06.2025 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 2463/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на членот 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20, 77/21,154/23, 55/24 и 193/24), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово

3. **Период опфатен со надзорот:** 3 јуни 2025 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 12 јуни 2025 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите);

- **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на локално ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 6 часа програма на телевизија);

- **Член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од обврските утврдени во ставот (1) на овој член да ги остварат во периодот од 7,00 до 19,00 часот).

6. **Претходно изречена мерка: /**

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово емитуван на 3 јуни 2025 година, на локално ниво, **констатирано е прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или*

*аудиовизуелни дела, а се обврзани и најмалку половина од законскиот минимум (од 30%) програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, да ја емитуваат во периодот од 7,00 до 19,00 часот*).

Со надзорот е констатирано дека на 3 јуни 2025 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово, емитуваше 4 часа 36 минути и 58 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, што е **20.67%** од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (22 часа 19 минути и 48 секунди). Законскиот минимум од 30% за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден, во однос на вкупно емитуваната програма на 3 јуни што влегува во пресметка за изворно создадена програма (22:19:48) е 6 часа 41 минута и 56 секунди. Телевизија Феста емитуваше за 2 часа 4 минути и 58 секунди помалку програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

Половина од законскиот минимум (од 06:41:56) е 3 часа 20 минути и 58 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, колку што најмалку требало да биде емитувана на програмата на Трговското радиодифузно друштво ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ ДОО Куманово, во периодот од 7:00 до 19:00 часот. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, емитувани се 48 минути и 57 секунди изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, што во оваа ситуација е за 2 часа 32 минути и 1 секунда помалку од потребниот минимум.

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово, на 3 јуни 2025 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, го емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот.

**9. Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка - јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово и во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр. 01-4139/1 од 07.11.2022 година, да му наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***